**СОСТОЈБА СО ГРИП ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СЕЗОНА 2022/2023**
**(9-та недела, до 05.03.2023)**

## *Неделни податоци*

Во текот на **9-та недела** од 2023 година (27.02-05.03.2023), во Република Северна Македонија се пријавени **667 (I=36,3/100.000)** случаи на групни пријави за заболени од грип/ заболувања слични на грип, за 23,5% помалку во споредба со претходната недела (n=872).

Бројот на пријавени лица оваа недела споредено со 9-та недела од минатата сезона (n=17) е зголемен за 39,2 пати, а во споредба со бројот за 9-та недела од типичната епидемиска крива (моделирана од последните 12 сезони) (n=2.026), намален е за 67,1% *(Графикон 1)*.

Во текот на 9-та извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ, пристигнаа 54 материјали од рутинскиот надзор за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за грип и КОВИД-19. Притоа, детектирани се 13 (24,1%) позитивни случаи, од кои 12 случаи Influenza A/H1pdm, и 1 случај на Influenza A/H3. *(Графикон 3).*

Пријавената инциденца е над неделната граница на сезонската активност на вирусот на грип (I=30,91/100.000), деветта недела со ред, односно над прагот на епидемиолошки влез во сезоната на грип *(Графикон 1)*.

***Графикон 1.*** *Нивоа на интензитет и неделна дистрибуција на заболените од грип/заболувања слични на грип според очекувана епидемиска крива 2010-2022, сезона 2021/2022 и сезона 2022/2023*



Во однос на возрасната дистрибуција, 427 лица се на возраст од 15-64 години, 121 се деца на возраст од 5-14 години, додека највисока инциденца се регистрира кај возрасната група 0-4 години (58,0/100.000).

Заболените се пријавени од 24 ЦЈЗ/ПЕ, најголем број се регистрирани во Дебар – 115 а во останатите ЦЈЗ/ПЕ бројот на пријавени е помал од 100.

Во 12 извештајни единици кои пријавија случаи во текот на оваа недела се регистрира многу ниска, во 9 – сезонска, во 2 – средна активност и во една - многу висока активност на вирусот на грип *(Картограм 1)*.

***<u>Картограм 1</u>**. Ниво на активност на грип според инциденца на 100.000 жители, 9-та недела 2023*




Во текот на 9-тата недела, регистриран е еден смртен случај асоциран со грип. Се работи за лице на возраст од 51 година од Скопје кое било хоспитализирано во Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби. Кај починатото лице е утврдено присуство на коморбидитети (обезитас) и не било вакцинирано со вакцина против сезонски грип. Кај починатото лице, лабораториски е потврдена Influenza A/H1pdm.

## ЕПИДЕМИОЛОШКИ НАДЗОР - Кумулативни податоци

**Во сезоната 2022/2023** вкупниот број на случаи на грип/ заболувања слични на грип изнесува **8.860 (I=482,4/100.000)**.

Во споредба со истиот период од минатата сезона (n=3.642), бројот на пријавени случаи е зголемен за 2,4 пати, а во однос на моделот од последните 12 сезони (n=18.699) се регистрира намалување од 52,6%.

Кумулативно, заболените се пријавени од триесет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број на заболени лица (n=1.423) се пријавени од Струмица, Гостивар (n=834) и Битола (735), а највисока кумулативна инциденца (3.475,8/100.000) е регистрирана на територијата на Дебар. *(Графикон 2, Табела 1 во Прилог)*

***Графикон 2**. Дистрибуција по ЦЈЗ/ПЕ и инциденца на 100.000 жители, сезона 2022/2023*




Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) – 5.093 случаи (62,2%), а највисока инциденца (828,5/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 0-4 години (n=790). *(Табела 1 во Прилог)*

Дистрибуција на сезонски грип/ заболувања слични на грип по месеци *(Табела 1 во Прилог)*:

- октомври – 62 случаи или 0,7%
- ноември – 82 случаи или 0,9%
- декември – 786 случаи или 8,9%
- јануари – 4.176 случаи или 47,1%
- февруари – 3.087 случаи или 34,8%
- март – 667 случаи или 7,6%

Во досегашниот тек на сезоната, регистрирани се 4 починати лица асоцирани со грип, три од Скопје и едно од Штип. Три лица се од возрасната група од 15-64 години, а едно на возраст над 65 години, со регистрирани коморбидитети, хоспитализирани и невакцинирани со вакцина против сезонски грип.

## ВИРУСОЛОШКИ НАДЗОР (рутински надзор) - Кумулативни податоци

Од почетокот на сезоната 2022/2023, заклучно со 9-та недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигнати се 5.600 материјали од здравствените установи - од амбулантски и болнички лекувани пациенти за тестирање за присуство на вирусот на грип, од рутинскиот надзор.

Регистрирани се 218 позитивни случаи, 91 Influenza A/H3, 89 Influenza A/H1pdm, 30 Influenza A несубтипизирани, 7 Influenza B Victoria и еден Influenza B. *(Графикон 3)*

## СЕНТИНЕЛ НАДЗОР НАД САРИ (Сериозни Акутни Респираторни Инфекции)

Сентинел надзорот се спроведува како дополнување на редовниот систем за надзор над грип и КОВИД-19 во Р. С. Македонија, со цел да се добијат подетални информации во однос на инциденца, интензитет, тип на вируси кои циркулираат и за имплементација на навремени превентивни мерки.

Сентинел САРИ надзорот се спроведува во 7 надзорни болници, 5 во Скопје (УК за инфективни болести и фебрилни состојби, УК за детски болести, УК за Пулмоалергологија, ГОБ 8-ми Септември и ИБЗД Козле) и по една во Прилеп (ОБ Прилеп) и Штип (КБ Штип). Дефиницијата за случај на САРИ според која се спроведува надзорот е усогласена со дефиницијата на случај на СЗО.

Од сентинел местата кои учествуваат, оваа недела пријавени се вкупно 76 САРИ случаи, од сентинел САРИ местата во Скопје и Штип. Најголем број на САРИ случаи (n=30; 39,5%), се пријавени од надзорното место УК за детски болести. Во однос на возрасната дистрибуција, најголем број на САРИ случаи (n=29; 38,2%) се пријавени од возрасната група од 0-4 година.

Во 9-та недела, вкупен број на приеми во сентинел местата е 206, од кои 4 на интензивна нега. Во оваа недела, 36,9% од сите приеми се должат на САРИ. Најголемо оптоварување од 32,1% се бележи кај лицата над 65 години.

Во 9-та недела за лабораториско тестирање доставен е 41 материјал од пријавените САРИ случаи, паралелно тестирани за грип и КОВИД-19. Притоа, детектирани се 11 (26,8%) позитивни случаи на грип, 7 се Influenza A/H1pdm и по 2 Influenza A/H3 и Influenza B/Victoria. Во 3 материјали е докажан КОВИД-19.
Во текот на оваа недела, еден САРИ примерок е тестиран за респираторен синцицијален и други вируси, и истиот е негативен.

Кумулативно, од сентинел местата кои учествуваат, пријавен е вкупно 1091 САРИ случај, од сентинел САРИ местата во Скопје и Штип. Најголем број на САРИ случаи (n=441; 40,4%), се пријавени од надзорното место УК за детски болести. Во однос на возрасната дистрибуција, најголем број на САРИ случаи (n=600; 55,0%) се пријавени од возрасната група од 0-4 година.

Кумулативно, вкупен број на приеми во сентинел местата е 4.123 од кои 173 на интензивна нега. Од сите приеми, 26,5% се должат на САРИ. Најголемо оптоварување од 34,2% се бележи кај возрасните групи 30 - 64 години.

Кумулативно, за лабораториско тестирање се доставени 402 материјал од пријавените САРИ случаи. Регистрирани се 82 (20,4%) позитивни случаи на грип, 49 Influenza A/H1pdm, 17 Influenza A/H3, 7 Influenza A несубтипизиран, 8 Influenza B/Victoria и еден Influenza B несубтипизиран.
Регистрирани се 16 позитивни случаи на КОВИД-19. Од САРИ примероците, 80 се тестирани за респираторен синцицијален вирус, од кои 42 е позитивен. Кај 10 примероци е детектирано присуство на Adeno virus, а кај еден Entero virus. *(Графикон 3)*

***Графикон 3***. *Неделна дистрибуција на број и процент на позитивни примероци на грип, рутински и сентинел надзор, Р.С. Македонија, 2022/2023*




## ЕПИДЕМИОЛОШКИ КОМЕНТАР

**Се забележува стабилен број на заболувања слични на грип во последните седум недели, кој е над неделната граница за сезонска активност. Според резултатите добиени од вирусолошкиот надзор над инфлуенца границата на позитивност од 10% (САРИ надзор), е надмината во континуитет од 12 недели. Согласно овие податоци, Р.С. Македонија има широка географска распространетост и среден интензитет на активноста на вирусот на грип.**

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП

Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување. Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО):

- Постарите лица (над 65 години)
- Деца на возраст од 6-59 месеци
- Лица постари од 6 месеци со хронични болести
- Бремени жени, и
- Здравствени работници.

- ❖ За сезоната 2022/2023, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина - 40.000 дози, наменета за приоритетни групи население. Дополнителни 20.000 дози на четиривалентна вакцина се обезбедени преку донација од PIVI (Partnership for Influenza Vaccine Introduction).

  Вакцинацијата против сезонски грип за сезоната 2022/2023 започна на 19.10.2022 и се спроведува во ЦЈЗ со нивните ПЕ и/или Здравствените домови. Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку веб страната www.vakcinacija.mk.

  Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, вакцинирани се вкупно 52.774 лица од ризичните категории население со бесплатни вакцини.

- ❖ Дополнителни 6.000 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на Центрите за јавно здравје, како вакцини за останатото население кое не спаѓа во горенаведените групи, истите можат да се добијат за одреден финансиски надомест и се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици.

  Во однос на комерцијалните вакцини, вакцинирани се 2.632 лица.

**Заклучно со 8-ма недела, во Р.С. Македонија, вакцинирани се вкупно 55.406 лица.**

## ЕВРОПСКИ РЕГИОН

*Извор: https://flunewseurope.org/

Согласно извештајот на Flu News Europe објавен за 8-ма недела 2023 година за активноста на вирусот на грип низ Европскиот регион:

- Процентот на сите примероци од примарна здравствена заштита од сентинел од пациенти со симптоми на ИЛИ/АРИ кои биле позитивни на вирусот на грип е зголемен на 25% (28% во претходната недела).
- 21 од 38 земји пријавиле висок или среден интензитет и широко распространета активност што укажува на висока циркулација на сезонски грип низ регионот. Шведска, Словенија, Холандија, Франција и Словачка пријавија над 40% позитивност во сентинел системот од примарната здравствена заштита.
- Се детектираат вирусите на Influenza A и B, со доминација на Influenza B во сентинел и редовниот надзор.
- Хоспитализирани пациенти со потврдена инфекција со вирусот на грип се пријавени од одделенијата за интензивна нега (коциркулираат Influenza A и B), другите одделенија (коциркулираат Influenza A и B), во САРИ надзорот (доминира A/H1pdm09). Осум земји или области пријавија стапки на позитивност на грип над 10% во САРИ надзорот.

Според квалитативните индикатори, во однос на интензитетот, 6 се на базично, 11 земји се на ниско, 19 земји на средно и 2 земји на високо ниво на активност на вирусот на грип.

Според географската распространетост, 4 земји пријавиле спорадични случаи, 4 со локална распространетост, 8 земји – регионална географска распространетост и 21 земја широка распространетост.

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***